ПРЕДЛОГ УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТ

**КАРБОМЕД 150 mg**
Таблети за перорална суспензија
Активиран јаглен

*Ве молиме внимателно да го прочитате целото упатство пред да почнете да го користите овој лек затоа што содржи важни информации за Вас.*
*Секогаш земајте го овој лек како што е пропишано во ова упатство или како што Ви кажале Вашиот лекар или фармацевт.*

*- Чувајте го упатството. Можеби повторно ќе треба да го прочитате.*
*- Ако имате дополнителни прашања, обратете се на Вашиот фармацевт.*
*- Ако забележите било каков несакан ефект, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт.Тоа го вклучува и секој можен несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Видете дел 4.*
*-Задолжително обратете се на Вашиот лекар ако не се чувствувате подобро или ако се чувствувате полошо после 4-7 дена.*

Упатството содржи:

1. Што се Карбомед таблети и за што се користат ?
2. Што мора да знаете пред да почнете да земате Карбомед таблети ?
3. Како се земаат Карбомед таблетите ?
4. Можни несакани ефекти
5. Како да се чуваат Карбомед таблетите?
6. Содржина на пакувањето и други информации

## 1. Што се Карбомед таблети и за што се користат ?

Активна супстанција во Карбомед таблетите е активиран медицински јаглен. Припаѓа на групата лекови со назив цревни адсорбенси. Активираниот медицински јаглен делува така што на својата површина ги привлекува и задржува гасовите од дигестивниот систем како и отровните материи кои ги создаваат предизвикувачите на дијареа(пролив). На тој начин се помага нивното отстранување од организмот.

Карбомед таблети се користат за лекување на дијареа(пролив) и надуеност.

Задолжително обратете се на Вашиот лекар ако не се чувствувате подобро или ако се чувствувате полошо по 4 – 7 дена.

## 2. Што мора да знаете пред да почнете да земате Карбомед таблети ?

**Не земајте Карбомед таблети**

- ако сте алергични на активиран јаглен или било која друга состојка на овој лек (наведено во дел 6.)

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

Обратете се на Вашиот лекар или фармацевт пред да земете Карбомед таблети.

Во тек на примена на суспензија Карбомед таблети треба да се внимава да не дојде до вдишување на честички од активираниот јаглен. Лицето на кое му го даваме овој лек мора да биде во свесна состојба.

Долготрајно лекување со активиран медицински јаглен може да предизвика дигестивни нарушувања предизвикани од врзување на ензимите и витамините од храната.

Карбомед ја бои столицата црно што е медицински безначајно.

Присутност на активираниот јаглен во дигестивниот систем може да пречи при евентуална потреба за итно испитување на дигестивниот систем(ендоскопија) и може да го отежне откривањето на паразити во столицата па во случај на сомневање на дијареа (пролив) предизвикана од паразити, пред лекување со активиран медицински јаглен треба да се прегледа столицата.

Во случај на акутна дизентерија со крвава столица и покачена температура
подобро е да се примени соодветен антибиотик наместо активиран медицински јаглен.

**Деца**

Давање на овој лек на деца помали од 3 години не се препорачува затоа што не е сосема сигурен за примена во таа возраст.

**Други лекови и Карбомед таблети**

Информирајте го Вашиот лекар или фармацевт ако земате, неодамна сте земале или би можеле да земате било кои други лекови.

Активираниот медицински јаглен го намалува делувањето на повеќето орално применети лекови истовремено со медицинскиот јаглен.Причина за ова е врзувањето на лекот за честичките на јагленот.Затоа, при истовремена примена на Карбомед и други лекови кои се земаат орално, растојанието меѓу земање на Карбомед и друг лек треба да биде најмалку 2 часа.

На жените кои користат орални контрацептиви им се препорачува да користат друг облик на контрацепција додека користат Карбомед таблети.

Истовремена примена на сорбитол и активиран медицински јаглен може да предизвика дехидрација.

**Карбомед таблети со храна и пијалоци**
Млеко, сладолед и слични производи го намалуваат делувањето на активираниот медицински јаглен.

**Бременост и доење**
Ако сте бремени или доите, мислите дека сте бремени или планирате бременост, обратете се на Вашиот лекар или фармацевт за совет пред да го земете овој лек.
Не се забележани проблеми врзани за примена на активиран медицински јаглен кај бремени жени и доилки.
Медицински јаглен не се ресорбира од дигестивниот систем.

**Управување со возила и машини**
Овој лек не влијае на способноста за управување со возила и машини.

**Карбомед таблетите содржат сахароза и лактоза хидрат**
Ако лекарот Ви кажал дека не поднесувате некои шеќери, советувајте се со лекарот пред да го земете овој лек.

**3. Како да ги земате Карбомед таблетите?**

Секогаш земајте го овој лек точно како што е наведено во ова упатство или како што Ви кажал Вашиот лекар или фармацевт.Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт ако не сте сигурни.
Таблетите треба да се здробат и разматат во чаша (200ml.) со вода или чај и добиената суспензија да се испие.Лекот не смее да се користи со млеко.

**Возрасни и деца над 12 години**
Препорачана доза е 4-7 таблети разматени во вода или чај, 3-4 пати на ден по јадење.

**Деца од 3-12 години**
Препорачана доза е 2-4 таблети разматени во вода или чај, 1-2 пати на ден по јадење. Не се препорачува давање на Карбомед таблети на деца помали од 3 години.

**Времетраење на лекувањето**
Активираниот медицински јаглен во случај на дијареа (пролив) треба да се зема додека не се нормализира столицата, но најдолго 4 дена.
Во случај на надуеност може да се зема до 7 дена.
**Задолжително обратете се на Вашиот лекар ако не се чувствувате подобро или ако се чувствувате полошо по 4-7 дена.**

**Ако земете повеќе Карбомед таблети отколку што сте требале**
Со оглед на начинот на делување на активираниот медицински јаглен, нема опасност од предозирање.
Ако имате било какви прашања во врска со примената на овој лек, обратете се на Вашиот лекар или фармацевт.

**4. Можни несакани ефекти**

Како и сите лекови, овој лек може да предизвика несакани ефекти иако тие нема да се јават кај секој.
Активираниот медицински јаглен ја бои столицата црно.

**Помалку чести несакани ефекти** (може да се јават кај помалку од 1 на 100 лица)

- опстипација

**Ретки несакани ефекти** (може да се јават кај помалку од 1 на 1000 лица)

- повраќање, болкка во стомакот;
- намалено ниво на калиум во крвта (хипокалемија), зголемена киселост на крвта (ацидоза);
- вдишување на честички од јаглен (аспирација), отежнато дишење, пореметување на дишењето со затајување;
- блага иритација на кожата и/или слузницата, алергиска реалција.

**Непознато** (не може да се процени зачестеноста од достапните податоци)
-создавање на безоари (насобрана количина на несварливи материи во дигестивниот систем), затнување на цревата (застој во движење на цревната содржина), пукање на цревата.

**Пријавување на несакани ефекти**
Ако забележите било каков несакан ефект, потребно е да го известите Вашиот лекар или фармацевт.Тоа го вклучува и секој можен несакан ефект кој што не е наведен во ова упатство.Несаканите ефекти можете да ги пријавите лично по пат на националниот центар за пријава на несакани ефекти:

**Агенција за лекови и медицински помагала**
Отсек за фармаковигиланца
ул.Свети Кирил и Методиј бр. 54. кат 1
1000 Скопје, Macedonia
тел 02-5112394

Со пријавување на несаканите ефекти можете да придонесете за проценка на сигурноста на овој лек.

**5. Како да ги чувате таблетите Карбомед ?**

Чувајте го овој лек надвор од поглед и дофат на децата.
Се чува во оригиналното пакување, на температура под 25°C.
Овој лек не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба наведен на пакувањето по ознаката EXP.

**6.Содржина на пакувањето и други информации**

**Што содржат таблетите Карбомед ?**

Активна супстанција е активиран јаглен. Една таблета содржи 150 mg активиран јаглен.
Помошни супстанции : кармелоза натриум; магнезиум стеарат; лактоза хидрат; сахароза.

**Како изгледаат таблетите Карбомед и содржина на пакувањето ?**

Таблети за орална суспензија.
Карбомед 150 mg таблети за орална суспензија се црни таблети со едноличен облик, големина и боја, со промер 10,5 ± 0,5 mm.
Достапни се во пакување од 30 (2x15) таблети во блистер, во кутија.

**Како изгледаат Карбомед таблетите и содржина на пакувањето**
30 (2x15) таблети во PVC/PVDC//Al блистер.

**Име и адреса на производителот/носителот на одобрението**
ЈАДРАН- Галенски лабораторij д.д. Рijека, Свилно 20, 51000 Рijека, Хрватска

**Земја на потекло**
Холандија

**Начин и место на издавање на лекот**
Лекот може да се издава и/или да се продава, без рецепт (БР).

**Застапник за Македонија**
Еуролек дооел Скопје, Качанички пат 174, Визбегово, 1010 Скопје
тел. 02-2-655-855

**Број на решение**

**Датум на ревизијата на упатството**
Април, 2017.